СЛУЖ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно на хрватскосрпски, словенечки и македонски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Народната банка за претплата и посебни изданија 101-13-602-32, за огласи 101-13-602-31.

Среда, 25 декември 1963
БЕЛГРАД
БРОЈ 51 ГОД. XIX

Цена на овој број е 80.— дин. — Претплата за 1963 година изнесува 2.300.— дин., а за странство 3.300 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќ'а бр. 1. Пошт. фах 226.— Телефони: централа 50-931, 50-932, 50-933 и 51-661; Служба за претплата 51-732 и Продавна служба 51-671.

691.

Врз основа на членот 3 од Уредбата за данокот на промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 19/61, 6/62, 11/62 и 4/63), Сојузниот извршен совет донесува

УРЕДБА
ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ТАРИФАТА ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ

Член 1

Во Тарифата за данокот на промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/62, 29/62, 31/62, 40/62, 42/62, 46/62, 51/62, 53/62 и 12/63 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 18/63, 20/63, 23/63 и 30/63) во делот II забелешката кон тар. број 140 се менува и гласи:

„Забелешка:

1) По исклучок од одредбата на точката 1 на овој тар. број наместо нормата од 54% ќе се применува од 1 јануари до 30 јуни 1963 година нормата од 47%, а од јули до 31 декември 1963 година нормата од 44%.

Наместо нормата од точката 2 на овој тар. број од 44% ќе се применува од 1 јануари до 30 јуни 1963 година нормата од 37%, а од 1 јули до 31 декември 1963 година нормата од 34%.

2) Даночна основица е продажната цена на мало."

Член 2

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 228
11 декември 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

692.

Врз основа на членот 228 точка 6 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во врска со членот 15 од Законот за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/63), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ОТВОРАЊЕ АМБАСАДА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО НАЈРОБИ — КЕНИЈА

1. Се отвора Амбасада на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Најроби — Кенија.

2. Државниот секретар за надворешни работи ќе преземе мерки потребни за извршување на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 240
21 декември 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

693.

Врз основа на чл. 5, 97 и 107 од Уредбата за данокот на доход („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/61, 53/61, 30/62 и 42/62), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА НОРМИТЕ НА ДАНОКОТ НА ДОХОД ЗА 1964 ГОДИНА

1. Нормите на данокот на доход пропишани со Одлуката за нормите на данокот на доход за 1963 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 5/63) ќе се применуваат и во 1964 година.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 236
16 декември 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

694.

Врз основа на одредбата под 1 на точката 1 од главата XVII на Сојузниот општествен план за 1963 година, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ИСКЛУЧИТЕЛНО ПОКАЧУВАЊЕ НА ЦЕНАТА НА ЈАГЛЕНОТ

1. Рудниците на јаглен можат цените по кои го продавале јагленот до денот на влегувањето во сила на оваа одлука по исклучок да ги покачат за 5%. Ова покачување на цените се однесува на сите количини јаглен што рудниците на јаглен ќе ги испорачат од 1 јануари до 15 март 1964 година.

Одредбата од ставот 1 на оваа точка не се однесува на количините на јаглен за кои граѓаните ја уплатиле купувачката цена во текот на 1963 година, а кои до денот на влегувањето во сила на оваа одлука не се испорачани.

2. Стопанските организации што се занимаваат со производство на стоки или вршење услуги, за кои ја определил цената надлежниот орган или чии цени се опфатени со контрола на цените според важечките прописи, не можат цените на тие производи и услуги да ги зголемат поради зголе-

мувањето на цената на јагленот според точката 1 на оваа одлука.

3. Поблиски прописи за спроведување на оваа одлука донесува, по потреба, Сојузниот секретаријат за општи стопански работи.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 237
16 декември 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

695.

Врз основа на членот 32 од Законот за банките („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/61, 30/62 и 53/62), во врска со членот 30 од Уставниот закон за спроведување на Уставот, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОПРЕДЕЛЕНИ ЕЛЕМЕНТИ НА БАНКНОТИТЕ И КОВАНИТЕ ПАРИ

1. Народната банка на Југославија при изработката на банкнотите во апоени од 5.000, 1.000, 500 и 100 динари и на кованите пари во парчиња од 50, 20, 10, 5, 2 и 1 динар, што веќе се наоѓаат во оптек (пари во оптек), ќе ги изврши следните измени:

А. Кај банкнотите:

1) на лицето:

а) наместо грбот на Федеративна Народна Република Југославија се става грбот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

б) наместо називот: „Народна банка Федеративне Народне Републике Југославије" се става називот: „Народна банка Југославије";

в) наместо датумот: „1 мај 1955", се става датумот: „1. мај 1963.";

г) наместо потписите: „Гувернер В. Гузина" и „Претседник управног одбора Д. Радосављевиќ" се ставаат потписите: „Гувернер Н. Миљаниќ" и „Вицегувернер И. Сион";

2) на опачината:

а) наместо називот: „Федеративна Народна Република Југославија" се става називот: „Социјалистичка Федеративна Република Југославија";

б) при набројувањето на називите на одделни републики, редоследот на републиките ќе биде по азбучниот ред — со кирилица испишан на банкнотите од 5.000 и 500 динари, а по абецедниот — со латиница испишан на банкнотите од 1.000 и 100 динари.

Б. Кај кованите пари:

1) на лицето:

а) наместо грбот на Федеративна Народна Република Југославија се става грбот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

б) наместо називот: „Федеративна Република Југославија" се става називот: „Социјалистичка Федеративна Република Југославија";

2) на опачината:

а) наместо годината: „1953" на парчињата од 5, 2 и 1 динар се става годината: „1963";

б) наместо годината: „1955" на парчињата од 50, 20 и 10 динари се става годината: „1963";

2. Во поглед на видот на хартијата односно металот, димензиите и тежината, цртежот, орнаментите, боите и другиот текст и видот на печатот односно кованието, банкнотите и кованите пари од точката 1 на оваа одлука ќе ги задржат истите својства и изглед како и парите во оптек според: Одлуката за издавање нови ситни ковани пари („Службен лист на ФНРЈ", бр. 34/54), Одлуката за издавање нови ковани пари од 50, 20 и 10 динари („Службен лист на ФНРЈ", бр. 33/55), Одлуката за издавање нови банкноти на Народната банка на ФНРЈ („Службен лист на ФНРЈ", бр. 40/55), Решението за пуштање во оптек нови метални пари од 5, 2, 1 и 0,50 динари („Службен лист на ФНРЈ", бр. 36/54) и Соопштението од Народната банка на ФНРЈ за пуштање во оптек на нови банкноти и нови ковани пари („Службен лист на ФНРЈ", бр. 17/57)

3. Банкнотите и кованите пари изработени според одредбите на оваа одлука Народната банка на Југославија ќе ги пушта во оптек според одредбата на членот 34 став 1 од Законот за банките.

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 234
16 декември 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

696.

Врз основа на членот 18 од Законот за измени и дополненија на Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/61), членот 33 став 2 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/61) и точката 5 од Одлуката за определување на органите во кои ќе се врши проверување на обезбедувањето на средствата за работата на државните органи и на внатрешната расподелба на тие средства според принципите на доходот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 3/62), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА РАСПОЛАГАЊЕ СО ПРИХОДИТЕ ШТО УПРАВАТА ЗА МЕРИ И СКАПОЦЕНИ МЕТАЛИ ГИ ОСТВАРУВА ОД ЖИГОВИНА И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ

1. Приходите што Управата за мери и скапоцени метали ги остварува со наплата на жиговина и други надоместоци се водат на посебна сметка кај банката.

Овие приходи се користат за финансирање на редовните расходи на Управата за мери и скапоцени метали, за финансирање на унапредувањето на службата за контрола на мерите и за финансирање на инвестициите за потребите на таа служба.

2. Средствата од посебната сметка Управата за мери и скапоцени метали ги користи врз основа на посебната претсметка на приходите и расходите што таа ја донесува во согласност со Сојузниот секретаријат за трговија и со Сојузниот секретаријат за буџет и организација на управата.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за височината на делот од средствата остварени со наплата на жиговина и други надоместоци од кои ќе се финансираат расходите на Управата за мери и скапоцени метали („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/62).

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1964 година.

Р. п. бр. 239
16 декември 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

697.

Врз основа на членот 19 став 3 од Законот за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/63), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ ЗА ОДЛИКУВАЊА

1. Се формира Комисија на Сојузниот извршен совет за одликувања (во понатамошниот текст: Комисијата).

2. Комисијата ги подготвува предлозите и му дава мислења на Сојузниот извршен совет за одликувања на југословенски граѓани, органи и работни и други организации, за кои, според членот 15 од Законот за одликувањата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 55/55, 27/56, 27/60 и 10/61), Сојузниот извршен совет му поднесува предлози на Претседателот на Републиката.

3. Комисијата има претседател и определен број членови, што ги именува Сојузниот извршен совет од редовите на своите членови и сојузни функционери.

4. Претседателот на Комисијата ги подготвува и свикува седниците и претседава на нив.

5. Административните работи за Комисијата ги врши Управата на Сојузниот извршен совет за персонални работи.

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р.п. бр. 229
6 декември 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

698.

Врз основа на членот 20 став 2 од Законот за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/63) и точката 3 од Одлуката за формирање Комисија на Сојузниот извршен совет за одликувања („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/63), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ ЗА ОДЛИКУВАЊА

За претседател и членови на Комисијата на Сојузниот извршен совет за одликувања се именуваат, и тоа:

за претседател:

1. Милутин Морача, член на Сојузниот извршен совет;

за членови:

2. Урош Баиќ, државен советник во Сојузниот секретаријат за внатрешни работи;

3. Лука Бановиќ, секретар на Комисијата за организациони и кадровски прашања на Извршниот одбор на Сојузниот одбор на ССРНЈ;

4. Јордан Блажевски, помошник сојузен секретар за земјоделство и шумарство;

5. Драго Флис, секретар на Сојузната стопанска комора;

6. Зденка Кидрич, помошник началник на Управата за персонални работи на Сојузниот извршен совет;

7. Милан Матијашевиќ, началник на Управата за персонални работи во Државниот секретаријат за надворешни работи и

8. Иван Симчиќ, потпретседател на Централниот одбор на синдикатот на работниците на индустријата и рударството на Југославија.

Б. бр. 156
12 декември 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

699.

Врз основа на членот 3 точка 1 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот завод за статистика („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/57 и 12/60), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ПЛАНОТ НА СТАТИСТИЧКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА ЗА 1964 ГОДИНА

1. Во рамките на единствениот статистички систем на Југославија во 1964 година ќе се извршат сите редовни статистички истражувања со дополненијата и измените предвидени со ова решение.

2. Заради употполнување на недоволно развиените области на статистиката, во 1964 година ќе се извршат следните статистички истражувања, и тоа:

1) анкета за стручното оспособување на кадрите;

2) статистичко следење на акцијата за описменување;

3) попис на училишните згради;

4) дополнителна анкета за репродукционата потрошувачка;

5) анкета за семејните буџети;

6) анкета за производството на добиток;

7) од областа на научноистражувачката работа.

3. Заради приспособување на статистичкиот систем кон промените настанати во општествено-политичкото уредување и во економскиот систем, во 1964 година ќе се извршат следните измени во редовните статистички служби:

1) ревизија на службите на статистиката на општественото и политичкото уредување;

2) собирање податоци за интеграцијата во стопанството;

3) следење на процесот на скратувањето на работното време;

4) адаптација на податоците во врска со советскиот попис на индустријата;

5) ревизија на статистиката на сточарството;

6) измени во следењето на кооперацијата во стопанството;

7) укинување на извештаите за работата на станбените задруги;

8) следење на превозот во друмскиот сообраќај по видовите на стоки;

9) проширување на статистичката служба врз авто-сообраќајните погони за јавен превоз;

10) ревизија на истражувањата за авто-сообраќајот за сопствени потреби;

11) ревизија на статистиката на моторните возила;

12) реорганизација на службата за граничниот промет на моторните возила.

4. Во 1964 година ќе се извршат подготовки за реорганизација на анкетата за селанските стопанства, како и подготвителни дејствија во врска со вонредните статистички истражувања што треба да се спроведат во 1965 година, и тоа: попис на занаетчиството, попис на добиток и броење возила на патиштата.

5. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Б. п. бр. 235
13 ноември 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

700.

Врз основа на точката 24 од Одлуката за ревалоризација на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка на здравствените установи („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/63), во спогодба со Сојузниот секретаријат за здравство и социјална политика, Сојузниот секретаријат за финансии издава

НАРЕДБА

ЗА КНИЖЕЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ НА РЕВАЛОРИЗАЦИЈАТА НА ОСНОВНИТЕ СРЕДСТВА И НА СРЕДСТВАТА НА ЗАЕДНИЧКАТА ПОТРОШУВАЧКА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ

1. Здравствените установи што во смисла на Одлуката за ревалоризација на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка на здравствените установи ја извршиле ревалоризацијата на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка со состојбата на 30 септември 1963 година, се должни резултатите на ревалоризацијата на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка да ги книжат во своите деловни книги под 31 декември 1963 година.

2. Здравствените установи што ја извршиле ревалоризацијата се должни пред книжењето на резултатите на ревалоризацијата, во смисла на одредбите на Упатството за спроведување попис (инвентура) кај стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/56, 50/59, 49/60 и 50/61), во деловните книги да извршат книжење на сите разлики (вишоци и кусоци) утврдени во елаборатот за извршениот попис, според состојбата и вредностите пред извршената ревалоризација.

3. Ако при пописот се утврди дека некои предмети на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка што требало да се опфатат со ревалоризацијата не се со неа опфатени, здравствените установи ќе извршат дополнителна ревалоризација на тие предмети под 31 декември 1963 година.

4. Ако по извршената ревалоризација одделни предмети на основните средства или на средствата на заедничката потрошувачка се продадени односно без надоместок пренесени на друга здравствена установа или општествено правно лице, здравствената установа што ја извршила продажбата односно преносот без надоместок е должна на здравствената установа на која тие предмети ѝ се продадени односно пренесени да ѝ ги достави сите елементи на ревалоризацијата, врз основа на кои здравствената установа кај која овие предмети на 31 декември 1963 година ќе се затечат ќе ги изврши потребните книжења.

5. Здравствените установи се должни да ги прокнижат резултатите на ревалоризацијата на основните средства и на средствата на зедничката потрошувачка под 31 декември 1963 година на следниот начин:

1) вредноста на стоките искажана на соодветните конта на групите:

00 — Основни средства,

02 — Заеднички основни средства,

04 — Средства на заедничката потрошувачка,

ќе ја наголемат за износот на разликата настаната поради ревалоризацијата.

На начинот од ставот 1 на оваа точка ќе се постапи и во поглед на книжењето на соодветните конта на групата 01 — Исправка на вредноста на основните средства, како и на соодветните аналитички конта во рамките на контата 021 — Исправка на вредноста на заедничките основни средства и 049 — Исправка на вредноста на средствата на заедничката потрошувачка;

2) за разликата во вредноста на основните средства настаната по извршената ревалоризација на основните средства што му припаѓаат на деловниот фонд, ќе се одобри посебно аналитичко конто во рамките на контото 900 — Деловен фонд;

3) за разликата во вредноста на основните средства настаната по извршената ревалоризација на основните средства што не му припаѓаат на деловниот фонд дека се набавени од кредит, ќе се одобри посебно конто 926 — Разлика во вредноста на основните средства настаната по извршената ревалоризација.

Дел од разликата од вредноста на основните средства што му припаѓа на деловниот фонд во смисла на одредбите на оваа наредба му одговара на сразмерата во која вредноста на основните средства содржана во деловниот фонд учествува во вкупната вредност на основните средства на здравствената установа.

Вредноста на основните средства што се во состав на деловниот фонд се утврдува на тој начин што од вкупната вредност на основните средства се одбива износот на неизмирените обврски по основот на кредитот за основни средства (конто 910).

Сразмерата од одредбата под 3 став 2 на оваа точка се пресметува со примена на формулата:

$$\text{сразмерата } (\%) = \frac{\text{вредноста на основните средства во деловниот фонд} \times 100}{\text{вкупната вредност на сите основни средства}}$$

Со примена на добиениот процент врз вкупниот износ на разликата на ревалоризацијата се утврдува делот на таа разлика што му припаѓа на деловниот фонд (конто 900), а остатокот на разликата се книжи во корист на посебното конто 926 — Разлика во вредноста на основните средства настаната по извршената ревалоризација.

Вредноста на основните средства во деловниот фонд претставува разлика помеѓу вкупната вредност на основните средства од групите 00 и 02 пред извршената ревалоризација и износот на обврските по кредитите за основни средства (конто 910);

4) за разликата во вредноста на средствата на заедничката потрошувачка настаната по извршената ревалоризација на средствата на заедничката потрошувачка што му припаѓаат на фондот на заедничката потрошувачка ќе се одобри посебно аналитичко конто во рамките на контото 940 — — Фонд на заедничката потрошувачка;

5) за разликата во вредноста на средствата на заедничката потрошувачка настаната по извршената ревалоризација на средствата на заедничката потрошувачка што не му припаѓаат на фондот на заедничката потрошувачка дека се набавени од кредит, ќе се одобри посебно конто 946 — Разлика во вредноста на средствата на заедничката потрошувачка настаната по извршената ревалоризација.

Делот од разликата на вредноста на средствата на заедничката потрошувачка што во смисла на одредбите на оваа наредба му припаѓаат на фондот на заедничката потрошувачка, ѝ одговара на сразмерата во која вредноста на средствата на заедничката потрошувачка содржана во фондот на заедничката потрошувачка учествува во вкупната вредност на сите средства на заедничката потрошувачка на здравствената установа.

Вредноста на средствата на заедничката потрошувачка што се во состав на фондот на заедничката потрошувачка се утврдува на тој начин што од вкупната вредност на средствата на заедничката потрошувачка се одбива износот на неизмирените обврски по основот на кредит за средствата на заедничката потрошувачка (конто 919).

Сразмерата од одредбата под 5 став 2 на оваа точка се пресметува со примена на формулата:

$$\text{сразмерата } (\%) = \frac{\text{вредноста на средствата на заедничката потрошувачка во фондот на заедничката потрошувачка} \times 100}{\text{вкупната вредност на сите средства на заедничката потрошувачка}}$$

Со примена на добиениот процент на вкупниот износ на разликата на ревалоризацијата на средствата на заедничката потрошувачка се утврдува делот на таа разлика што му припаѓа на фондот на заедничката потрошувачка (конто 940), а остатокот на разликата се книжи во корист на посебното конто 946 — Разлика во вредноста на средствата на заедничката потрошувачка настаната по извршената ревалоризација.

Вредноста на средствата на заедничката потрошувачка во фондот на заедничката потрошувачка претставува разлика помеѓу вкупната вредност на средствата на заедничката потрошувачка од групата 04 пред извршената ревалоризација и износот на обврските по кредитите за средствата на заедничката потрошувачка (конто 919).

6. Во обрасците на кои се составува завршната сметка на здравствените установи за 1963 година, и тоа во:

1) на образецот бр. 1 — Биланс и пресметка на вкупниот приход и доход и распределба на тој доход за 1963 година;

2) на образецот бр. 2 — Заклучен лист на 31 декември 1963 година и

3) на образецот бр. 3 — Утврдување на елементите за составување на завршните сметки за 1963 година

ќе се искаже вредноста на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка на здравствените установи по книжењето на резултатите на ревалоризацијата, како и состојбата на исправката на вредноста на овие средства и изворите на средствата искажани во класата 9.

7. Здравствените установи едновремено ќе ја прокнижат и во завршната сметка ќе ја искажат и вредноста на зејмиштето што е утврдена според образец Р-1, со задолжување на контото 000 — — Земјиште што служи за стопански цели, во корист на контото 900 — Деловен фонд, ако порано не е утврдена и прокнижена вредноста на земјиштето.

8. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 5-18982/1
19 декември 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
Киро Глигоров, с. р.

701.

Врз основа на членот 54а став 1 под 1 и став 2 од Законот за регулирање на деловните односи на пазарот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 30/62 и 53/62), Сојузниот секретаријат за трговија издава

НАРЕДБА

ЗА ДОКУМЕНТИТЕ И ПОДАТОЦИТЕ ШТО СЕ СМЕТААТ КАКО ДЕЛОВНА ТАЈНА НА СТОПАНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА

1. Како деловна тајна на стопанска организација се сметаат, во смисла на членот 54а став 1 под 1 од Законот за регулирање на деловните односи на пазарот, документите и подацотите што се однесуваат на работењето од државните материјални резерви.

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 5538
14 декември 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за трговија,
Драгутин Косовац, с. р.

702.

Врз основа на членот 199 од Законот за буџетите и финансирањето на самостојните установи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/59, 23/61, 52/61, 28/62, 53/62 и 13/63), Сојузниот секретаријат за финансии пропишува

УПАТСТВО

ЗА СОСТАВУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕТО НА БУЏЕТОТ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ЗА 1963 ГОДИНА

1. Општествено-политичките заедници, државните органи што својата дејност ја финансираат преку посебна сметка и државните органи во кои се врши проверување на можностите за обезбедување средства за работата на државните органи и за внатрешна распределба на тие средства според принципите на доход, во смисла на членот 18 од Законот за измени и дополненија на Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/61), се должни, според членот 165 од Законот за буџетите и финасирањето на самостојните установи и точката 13 од Упатството за начинот на распределба на приходите на државните органи и изработка на финансискиот план и завршната сметка на органите кај кои се врши проверување во смисла на членот 18 од Законот за измени и дополненија на Законот за јавните службеници, бр. 06-4701/1 од 17 февруари 1961 година (во понатамошниот текст: Упатството), да ги заклучат своите сметки на приходите и расходите за 1963 година и да состават завршна сметка за извршувањето на буџетот, завршна сметка за извршувањето на претсметката на приходите и расходите односно завршна сметка за извршувањето на финансискиот план за таа година.

Заради благовремено составување на завршната сметка за извршувањето на буџетот за 1963 година, а според членот 166 од Законот за буџетите и финансирањето на самостојните установи, сите наредбодавци за извршување претсметка на приходите и расходите на државните органи се должни во рок од два месеца по истекот на 1963 година на органот на управата надлежен за работите на буџетот да му достават преглед за извршувањето на својата претсметка на приходите и расходите.

Државните органи во кои се врши проверување на можностите за обезбедување и распределба на средствата според принципите на доходот и државните органи што се финансираат преку посебна сметка во рокот од ставот 2 на оваа точка, т. е. до 29 февруари 1964 година, ќе му ги достават на органот на управата надлежен за работите на буџетот своите завршни сметки за извршувањето на финансискиот план за 1963 година односно завршни сметки за извршувањето на претсметките на приходите и расходите за дејностите што се финансирани преку посебна сметка во 1963 година.

Заради обезбедување на единствен начин на нивната изработка, завршните сметки за извршувањето на сојузниот буџет, на буџетите на републиките, автономните покраини, околиите и општините, завршните сметки за извршувањето на претсметката на приходите и расходите на државните органи за дејностите што се финансираат преку посебна сметка, а чии завршни сметки се сметаат како прилози кон буџетите на општествено-политичките заедници, како и завршните сметки за извршувањето на финансискиот план на државните органи кај кои се врши проверување во смисла на членот 18 од Законот за измени и дополненија на Законот за јавните службеници, се составуваат во методолошки и технички поглед според одредбите на ова упатство.

I. ИЗРАБОТКА НА ГОДИШНИОТ ПРЕГЛЕД ЗА ИЗВРШУВАЊЕТО НА ПРЕТСМЕТКИТЕ НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ

2. Наредбодавците за извршување на претсметките на приходите и расходите на државните орга-

ни се должни да состават годишен преглед за извршувањето на претсметките на приходите и расходите врз основа на евиденцијата што ја водат според одредбите од главата VII на Уредбата за извршувањето на буџетот и за сметководственото работење на државните органи и установи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 35/55, 53/56, 16/58 и 41/59).

Годишниот преглед за извршувањето на претсметките на приходите и расходите се составува според истата буџетска класификација според која е одобрена годишната претсметка, со тоа што во прегледот кај секоја позиција ќе се искажат и промените настанати во текот на годината поради вирманирање односно дополнителни зголемувања на средствата од буџетската резерва. Така, приходите и во прегледот за извршувањето на претсметките на приходите и расходите се искажуваат по делови, раздели, партии и позиции, а расходите — по делови, раздели, глави, партии и позиции.

Во годишниот преглед остварените приходи се искажуваат во четири, а извршените расходи — во седум напоредни колони, и тоа: приходите во колоните: „Предвидено со годишниот буџет", „Остварено", „Остварено повеќе", и „Остварено помалку", а расходите во колоните: „Предвидено со годишниот буџет", „Со вирман зголемено", „Со вирман намалено", „Вкупно расположиво", „Извршено", „Извршено од расположивиот износ — повеќе" и „Извршено од расположивиот износ — помалку".

3. Средствата добиени во текот на буџетската година од буџетската резерва за покривање на недоволно предвидените расходи се искажуваат во колоната: „Со вирман зголемено", со назначување бројот и датумот на решението со кое се одобрени тие средства. Износот во колоната „Вкупно" на крајот на разделот може да биде поголем од износот одобрен со годишниот буџет само за вкупниот износ на дополнителните зголемувања на средствата на товар на буџетската резерва. Спрема тоа, сите одобрени дополнителни средства треба да се покажат во соодветната партија и позиција на претсметката како зголемување извршено на товар на буџетската резерва. Овие дополнителни зголемувања на средствата се искажуваат како намалување во разделот, односно во партијата на буџетската резерва.

4. Државниот орган на кој во текот на годината му биле одобрени средства од буџетската резерва за непредвидени расходи според неговата претсметка, е должен да состави посебен преглед за користењето на тие средства. Прегледот треба да содржи број на решението со кое се одобрени средствата, намена на средствата (според буџетски делови), одобрен износ и потрошен износ. Кај овие средства, за разлика од дополнителните зголемувања на средствата на товар на буџетската резерва, потрошокот се искажува во разделот односно во партијата на буџетската резерва.

5. Кон прегледот за извршувањето на претсметката на државниот орган се приложува и рекапитулација на извршените расходи што имаат карактер на лични доходи, по следните видови примања:

1) од редовен работен однос;
2) од привремен работен однос;
3) дополнителен работен однос;
4) по основот на теренски додатоци;
5) по основот на надоместок за одвоен живот.

За секоја категорија лични доходи од ставот 1 на оваа точка треба да се искаже вкупната основица за пресметување на придонесите, нормите по кои е пресметан придонесот како и износите на пресметаните и уплатените придонеси што се плаќаат на личните примања.

6. Податоците за остварените приходи и извршените расходи во прегледот за извршувањето на претсметката на приходите и расходите на државниот орган мораат да се согласуваат со евиденцијата за извршувањето на тие претсметки што ја води Службата на општественото книговодство. Заради тоа наредбодавците се должни податоците за извршувањето на своите претсметки да ги сравнат со податоците од Службата на општественото книговодство и пред изработката на прегледот на завршната сметка да ги расправат сите спорни ставки.

Прегледот за извршувањето на претсметката, откако ќе биде составен и усогласен со состојбата кај банката, мора да биде заверен од страна на филијалата на Народната банка како основна организациона единица на Службата на општественото книговодство кај која се води извршувањето на буџетот во целина.

7. Прегледот за извршувањето на претсметките на приходите и расходите на државните органи што се укинати во текот на 1963 година се составува врз основа на состојбата на приходите и расходите што го утврдиле ликвидационите комисии на односните органи, со тоа што податоците за извршувањето на претсметките мораат да бидат согласни со состојбата искажана кај банката.

8. Врз основа на чл. 68 и 69 од Уредбата за извршувањето на буџетот и за сметководственото работење на државните органи и установи, наредбодавците за извршување на претсметките се должни, врз основа на својата евиденција за создадените обврски, да ги попишат сите неизмирени обврски од изминатата буџетска година. Списокот на неизмирените обврски од изминатата буџетска година мора да биде приложен кон прегледот за извршувањето на претсметката на приходите и расходите. Овој список за секоја обврска треба да содржи:

1) реден број;
2) кога настанала обврската;
3) на кој треба да му се изврши исплатата;
4) основ на обврската;
5) износ на обврската;
6) колку износувале одобрените и расположивите средства и по која партија и позиција;
7) образложение зошто не е ликвидирана обврската до крајот на годината.

9. Државниот орган е должен да состави и список на сите побарувања на сопствени приходи што не се наплатени до крајот на годината. Списокот на ненаплатените побарувања треба да содржи:

1) реден број;
2) датум на стасаноста на побарувањето;
3) од кого требало да се изврши наплатата;
4) основ на побарувањето;
5) износ на побарувањето;
6) датум на наплатата до денот на поднесувањето на завршната сметка;
7) образложение зошто наплатата не е извршена и што е преземено за да се наплати побарувањето.

Посебно е потребно да се истакнат случаите на сомнителни, спорни и застарени побарувања. За случаите на застарени побарувања ќе се состави посебен список, со образложение од кои причини настапила оваа застареност.

10. Кон прегледот на извршувањето на претсметката на приходите и расходите државниот орган приложува и список на неликвидираните привремени исплати, со состојбата на 31 декември 1963 година. Овој список треба да ги содржи за секоја исплата следните податоци: датум кога е извршена привремената исплата, на кој и зошто е извршена исплатата и рок до кој привремената исплата требало да се оправда.

11. Кон прегледот за извршувањето на претсметката на приходите и расходите државниот орган ги прилага во еден примерок пополнетите обрасци П-1 и П-2 за пописот на имотот врз основа на точката 7 од Упатството за водење евиденција за имотот со кој управуваат државни органи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 50/61). Ако материјалите за пописот на имотот според обемот преминуваат десет пополнети обрасци П-1 односно десет пополнети обрасци П-2, државниот орган ќе достави само рекапитулација на резултатите на извршениот попис. Во поглед на пописот на неподвижниот имот и инвентарот, тој ќе достави рекапитулација според категориите на имотот и според неговата вредност искажана во колоните од образецот П-1 (колони 9, 10, 12, 14, 16, 17, 18 и 19). Според образецот П-2

тој доставува рекапитулација посебно за ситниот инвентар, а посебно за потрошните материјали, според нивната вредност искажана во колоните 8, 9, 11 и 13.

На крајот на пописниот елаборат државниот орган ќе даде образложение за утврдените кусоци односно вишоци и за утврдените разлики помеѓу состојбата по пописот и книговодствената состојба, и ќе ги изложи по оцената на утврдените факти преземените мерки за надоместок на утврдената штета односно за отстранување на констатираните неправилности во ракувањето со матријалите и инвентарот и во нивното евидентирање.

12. Покрај наведените прегледи, наредбодавците за извршување на претсметките на приходите и расходите на државните органи се должни кон прегледот за извршувањето на претсметката да достават и извештај за работењето на државниот орган и образложение за остварените приходи и извршените расходи.

Овој извештај и образложение треба да бидат што поцелосни и да опфатат факти неопходни за да може да се согледа и оцени како ги извршил државниот орган своите задачи од 1963 година за чие извршување биле одобрени средствата во претсметката на државниот орган.

Во извештајот се наведуваат сите задачи што биле извршени во 1963 година, како и задачите што не се извршени. Се констатира дали одобрените средства биле доволни за извршување на задачите, како и дали задачите можеле да се извршат со помалку средства. Ако средствата одобрени во претсметката не се потрошени, се наведуваат причините за тоа (заштеда, неизвршување на задачите, нереално планирање на средства и сл.). Ако одобрените средства се пречекорени, потребно е да се изложат подробно причините и оправданоста за извршените пречекорувања. Ова особено е потребно да се образложи и да се наведе за секоја позиција на функционалните расходи што му се одобрени на државниот орган за извршување на определените задачи.

Во врска со извршувањето на личните расходи, потребно е во извештајот да се наведе бројот на службениците и износот на нивните лични доходи според состојбата на 1 јануари 1963 година и според состојбата на 31 декември истата година; дали во текот на годината се вршени нови назначувања на службеници и дали тие назначувања биле во согласност со одобрената систематизација. Подробно треба да се објаснат сите отстапувања од планот во поглед на трошењето на средствата одобрени за лични расходи по сите позиции. Треба да се наведе бројот на постојаните хонорарни службеници и нивните примања, а посебно износот на средствата за другите хонорари и зошто се тие исплатени. Натаму, треба да се наведе финансискиот ефект на отсуствувањата поради боледување, дали е од заводот за социјално осигурување извршена рефундација на исплатените надоместоци наместо плати за време на боледувањата и сл.

Во поглед на расходите за нестопански инвестиции во извештајот треба подробно да се изложи за кои цели се одобрени средствата: изградба на градежни објекти (управни, станбени и други згради), адаптација на постојните згради, набавка на опрема (машини, инструменти, апарати итн.), дали со вложените средства е извршен планот и во кој обем, дали обемот на извршените градежни работи им одговара на потрошените средства според планот. Ако имало отстапувања при изведувањето на градежните работи или при набавката на опрема, треба подробно да се објаснат причините на отстапувањата.

На крајот на извештајот треба да се даде оцена за правилноста на примената на важечките прописи: дали постоел правен основ за секое побарување или обврска, дали се ракувало правилно со средствата, дали во текот на годината Службата на општественото книговодство ставала забелешки за работата на органите и како е постапено по дадените забелешки и решенија од Службата на општественото книговодство, односно какви мерки се преземени за отстранување на неправилностите во работата.

II. ИЗРАБОТКА НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА

13. Завршната сметка за извршувањето на буџетот на општествено-политичките заедници, завршната сметка за извршувањето на финансискиот план на издвоените средства на посебна сметка за финасирање на заедничките потреби на државните органи, завршната сметка за извршувањето на пресметката на дејностите и задачите што се финансираат по пат на посебна сметка и завршната сметка за извршувањето на финансискиот план на државните органи во кои се врши проверување во смисла на членот 18 од Законот за измени и дополненија на Законот за јавните службеници, се составуваат на долу изложениот начин.

А. Завршна сметка за извршување на буџетот на општествено-политичките заедници

14. Органот на управата надлежен за работите на буџетот составува нацрт на завршната сметка за извршувањето на буџетот на општествено-политичката заедница и нацрт на завршната сметка за извршување на финансискиот план на издвоените средства на посебна сметка за финансирањето на заедничките потреби.

Завршната сметка за извршувањето на буџетот на општествено-политичката заедница се состои од општ дел, посебен дел и прилози.

1. Општ дел на завршната сметка

Општиот дел на завршната сметка за извршувањето на буџетот на општествено-политичките заедници содржи:

1) година за која е составена завршната сметка;

2) остварени вкупни приходи и извршени вкупни расходи предвидени во посебниот дел на буџетот;

3) средства издвоени во посебната буџетска резерва, според одредбите од главата XVI на Сојузниот општествен план за 1963 година;

4) распределба на вишокот на остварените приходи над извршените расходи или начин на покривање на вишокот на извршените расходи над остварените приходи;

5) прегледи (табели) кои цифарски ги прикажуваат планираните и остварените приходи и одобрените и извршените расходи според буџетот во целина. Овие прегледи мораат да им одговараат на прегледите искажани во буџетот за 1963 година.

2. Посебен дел на завршната сметка

Посебниот дел на завршната сметка за извршувањето на буџетот на општествено-политичка заедница содржи: предвидени и остварени приходи, одобрени и извршени расходи — според класификацијата и номенклатурата (делови, раздели, глави, партии и позиции) што се утврдени во одобрениот буџет за 1963 година.

Посебниот дел на завршната сметка за извршувањето на буџетот на општествено-политичката заедница за 1963 година, што органот на управата надлежен за работите на буџетот ќе му го достави на извршниот совет односно на советот надлежен за работите на буџетот, заради утврдување на завршната сметка и неговото поднесување до претставничкото тело на разгледување и донесување, содржи: приходи, што се искажуваат во две колони: „Предвидено со годишниот буџет“ и „Остварено“, и расходи, што се искажуваат во три колони: „Одобрено со годишниот буџет“, „Вкупно расположиво по извршените вирмани и дополнително одобрените средства“ и „Извршено“. Во колоната: „Вкупно расположиво по извршените вирмани и дополнително одобрените средства“ се опфаќаат и сите измени по ребалансот на буџетот.

3. Прилози кон завршната сметка

Прилозите кон завршната сметка за извршувањето на буџетот на општествено-политичката заедница содржат:

1) преглед на резултатите на пописот на имотот на државните органи;

2) преглед на неизмерените обврски настанати по буџетот за 1963 година и на обврските од поранешните години;

3) преглед на неликвидираните привремени исплати;

4) преглед на ненаплатените побарувања, со состојбата на 31 декември 1963 година;

5) преглед на личните расходи, и тоа: од редовен работен однос, од привремен работен однос, од дополнителен работен однос и на оние по основот на теренски додатоци или надоместок за одвоен живот. Кај сите овие видови лични расходи се искажуваат одвоено исплатените придонеси со соодветните норми по секој вид лични примања;

6) преглед на потрошокот на средствата од буџетската резерва, кој се составува по деловите на буџетот, со тоа што за секој дел се составува спецификација на потрошокот на средствата по конкретните намени;

7) преглед на состојбата на средствата на 6%-ната задолжителна буџетска резерва, кој ги опфаќа вкупните средства на оваа резерва и состојбата на овие средства на 31 декември 1963 година.

Искажувањето на приходите и расходите на 6%-ната задолжителна буџетска резерва се врши според следната класификација:

I. Средства

Состојба на средствата според сметката кај банката на 31 декември 1962 година
Позајмици што не се вратени до 31 декември 1962 година
Применети интереси во текот на 1963 година

Вкупни средства (I)

II. Користење на средствата

Одобрени позајмици во поранешните години што не се вратени до 31 декември 1963 година:
а) за покривање на текуштите расходи
б) за подмирување на обврските

Вкупно а+б

Одобрени позајмици во 1963 година што не се вратени до 31 декември 1963 година

Вкупно користено (II)

Состојба на слободните средства на 31 декември 1963 година

8) извештај за работењето, во кој треба да биде дадена општа оценка за постигнатите резултати по извршувањето на буџетот за 1963 година и да бидат наведени забележаните недостатоци и неправилности во неговото извршување. Извештајот се составува врз основа на податоците од приложените извештаи за извршувањето на претсметката на приходите и расходите на државните органи и врз основа на сопствените забележување и да го оценат начинот на работењето на државните органи.

Б. Завршна сметка за извршувањето на финансискиот план на издвоените средства на посебна сметка за финансирање на заедничките потреби на државните органи

15. Органите на управата надлежни за работите на буџетот на општествено-политичките заедници што во текот на 1963 година вршеле издвојувања на дел на заедничките приходи на посебна сметка за финансирање на заедничките потреби на органите во кои се вршело проверување на можностите за обезбедување и распределба на средствата според принципите на доход, во смисла на членот 18 од Законот за измени и дополненија на Законот за јавните службеници, ќе состават завршна сметка за извршувањето на финансискиот план на издвоените средства на посебна сметка за финансирање на заедничките потреби, а кои средства не се внесуваат во финансискиот план на органите во кои се врши проверувањето.

Издвоените средства за финансирање на заедничките потреби се искажуваат во завршната сметка за извршувањето на финансискиот план во две колони: „Предвидено" и „Остварено", а расходите во три колони: „Предвидено", „Потрошено" и „Непотрошени средства".

Предвидените и остварените приходи се искажуваат според следните ставки:

Пренесени средства од претходната година
Состојба на издвоените средства на сметката кај банката на 31 декември 1963 година
Разлика во приходите по дефинитивната пресметка

Вкупно приходи:

Во ставката: „Разлика во приходите според дефинитивната пресметка" во колоната на остварените приходи се внесува износот што претставува разлика помеѓу средствата пренесени на сметката на органот до 31 декември 1963 година и вкупните средства што му припаѓаат на органот според финансискиот план за 1963 година, а чиј износ се добива со примена на утврдениот процент, во смисла на точ. 2 и 4 од Упатството, врз вкупно остварените заеднички приходи на општествено-политичките заедници, т.е. врз приходите по конечната пресметка во јануари 1964 година.

Предвидените и извршените расходи се искажуваат според следните ставки:

За одржување на згради
За набавка на нова опрема
За унапредување и модернизација на службата
За други расходи
За резерва

Вкупно расходите:

Средства што се пренесуваат во наредната година

од тоа:
во буџетот на општествено-политичката заедница
во финансискиот план за наредната година

Кон нацртот на завршната сметка за извршувањето на финансискиот план органот надлежен за работите на буџетот задолжително составува и соодветно образложение во кое се изложуваат фактите што влијаеле врз извршувањето на финансискиот план во утврдениот обем и сите преземени мерки за неговото правилно извршување. Ако предвидените задачи по финансискиот план не се извршени, треба да се наведат причините за тоа, како и евентуално настанатите штетни последици поради ова неизвршување.

В. Завршна сметка за извршување на претсметката на приходите и расходите на државните органи за дејностите што се финансираат преку посебна сметка

16. Државните органи што своите дејности или задачи во целина или делумно ги финансирале преку посебна сметка — составуваат завршна сметка за извршувањето на претсметката на приходите и расходите на дејностите што се финансирани преку посебна сметка.

Завршната сметка за извршувањето на претсметката на приходите и расходите на дејностите што се финансирани преку посебна сметка, се составува според истата класификација на приходите и расходите според која е одобрена годишната претсметка на приходите и расходите на тие дејности. Вака составената завршна сметка му се доставува на органот на управата надлежен за работите на буџетот до 29 февруари 1964 година, и таа е составен дел на завршната сметка за извршувањето на

буџетот на општествено-политичката заедница за 1963 година, како нејзин прилог.

Кон завршната сметка за извршувањето на претсметката на приходите и расходите на дејностите што се финансирани преку посебна сметка, се составуваат и му се доставуваат на органот на управата надлежен за работите на буџетот како прилози:

1) рекапитулација на личните расходи, составена според точката 5 на ова упатство;

2) список на неизмирените обврски, составен според точката 8 на ова упатство;

3) список на ненаплатените побарувања, составен според точката 9 на ова упатство;

4) список на неликвидираните привремени исплати, составен според точката 10 на ова упатство;

5) извештај за работењето, во кој треба да бидат наведени основните елементи врз основа на кои ќе може да се објасни постигнатиот резултат во работењето во 1963 година. Така, ако органот ги надминал планираните приходи, во извештајот мораат да се изнесат основните фактори што за тоа придонесле: нереално ниски плански предвидувања, зајакната дејност и слично. Исто така, во случај на неисполнување на планот, во извештајот мораат да се наведат причините поради кои планот не е остварен: високи плански предвидувања, факти што настапиле во текот на извршувањето на планот а што не можеле однапред да се предвидат, и слично.

Во поглед на расходите треба да се објасни дали постигнатите заштеди се резултат на неизвршување на одделни задачи и функции, економичност во користењето на средствата, нереални калкулации на трошоците, и слично.

На крајот на извештајот треба да се даде општа оценка за самата метода на финансирањето, односно нејзините позитивни и негативни страни што се покажале во текот на извршувањето на претсметката на финансискиот план за 1963 година.

Г. Завршна сметка за извршувањето на финансискиот план на државните органи што работеле според принципот на доход

17. Државните органи во кои се врши проверување на можностите за обезбедување и распределба на средствата врз основа на Одлуката за определување на органите во кои ќе се врши проверување на обезбедувањето на средствата за работа на државните органи и на внатрешната расподелба на тие средства според принципите на доходот („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 3/62), ќе состават завршна сметка за извршувањето на својот финансиски план за 1963 година според точката 13 на Упатството.

Предвидените и остварените приходи и предвидените и извршените расходи во завршната сметка за извршувањето на финансискиот план на органите од ставот 1 на оваа точка се искажуваат според следните ставки:

Приходи

Пренесени средства од претходната година

Состојба на издвоените средства на сметката кај банката на 31 декември 1963 година

Разлика на приходите според дефинитивната пресметка

Вкупно приходите:

Расходи

1) Лични расходи:
а) лични примања:
нето лични доходи
хонорари (нето)
надоместоци за прекувремена работа (нето)
награди (нето)
Вкупно личните примања:
б) придонеси на личните примања:
придонес за буџетите од личниот доход на работниците
придонес за социјално осигурување
придонес за станбена изградба
надоместоци за повластици во патничкиот сообраќај
Вкупно придонесите:

Вкупно личните расходи (а+б):

2) Материјални расходи:
набавка на потрошни материјали и ситен инвентар
дополнение на опремата
режиски трошоци (поштенско-телеграфско-телефонски трошоци, огрев, осветление, надоместоци за банчини услуги, закупнини и сл.)
трошоци за одржување на опремата и трошоци за користење и одржување на превозните средства
трошоци на превозот (за службени патувања, заминување на терен и сл.)
дневници за службени патувања, надоместоци за одвоен живот и други слични примања што ги товарат материјалните трошоци
придонеси на личните примања што ги товарат материјалните расходи
Вкупно материјалните расходи:

3) Издвојувања во сопствените фондови

Вкупно расходите (1+2+3):

Вишок на остварените приходи над извршените расходи

Распоред на остварениот вишок на приходите над извршените расходи:
лични доходи со придонесите
фонд за заедничката потрошувачка
резервен фонд
други фондови
за пренос во финансискиот план за наредната година
Вкупно:

Во ставките на предвидените приходи и предвидените расходи се искажуваат вкупните приходи односно вкупните расходи предвидени со финансискиот план за 1963 година. Ако е финансискиот план во текот на годината менуван, во овие ставки ќе се искажат вкупно предвидените приходи односно вкупно предвидените расходи според спроведените измени во планот.

Во ставката: „Разлика во приходите според дефинитивната пресметка“ се опфаќа разликата помеѓу износите на средствата прокнижени на жиросметката на државниот орган на 31 декември 1963 година и износот на средствата добиени со примена на утврдениот процент, во смисла на точ. 2 и 4 од Упатството, врз остварените заеднички приходи на општествено-политичката заедница за 1963 година, т.е. врз заедничките приходи што на општествено-политичката заедница ѝ се признаваат како остварени приходи по завршната сметка за извршувањето на буџетот за 1963 година. Според тоа, сојузните односно републичките органи на управата, судовите и јавните обвинителства, во ставката: „Разлика во приходите по дефинитивната пресметка“ не би требало по правило, да искажуваат никакви приходи, зашто на овие органи потребните средства им се утврдуваат во глобален износ.

Кон извештајот за извршување на финансискиот план органот од ставот 1 на оваа точка е должен да приложи:

1) рекапитулација на личните расходи, составена според точката 5 на ова упатство;

2) список на неизмирените обврски, составен според точката 8 на ова упатство;

3) список на ненаплатените побарувања, составен според точката 9 на ова упатство;

4) список на неликвидираните привремени исплати, составен според точката 10 на ова упатство;

5) попис на имотот, составен според точката 11 на ова упатство;

6) преглед на состојбата на приходите и расходите на фондовите, составен за секој одделен фонд посебно.

СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА ————————

Образец I
(формат 420 × 198 mm)

ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД ЗА ОДОБРЕНИТЕ И ИЗВРШЕНИТЕ РАСХОДИ НА БУЏЕТИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

— во илјади динари —

БУЏЕТСКИ ДЕЛОВИ И ВИДОВИ РАСХОДИ		Вкупно републиката, околиите и општините		Буџет на републиката		Буџети на околиите и општините		Буџети на околиите		Буџети на општините	
		Одобрено	Извршено	Одобрено	Извршено	Одобрено	Извршено	Одобрено	Извршено	Одобрено	Извршено
1		2	3	4	5	6	7	8	9	10	11
1. Дел — Просвета и народна култура	лични										
	оперативни										
	функционални										
	Вкупно:										
2. Дел — Социјални грижи	лични										
	оперативни										
	функционални										
	Вкупно:										
3. Дел — Здравствена заштита	лични										
	оперативни										
	функционални										
	Вкупно:										
5. Дел — Државна управа	лични										
	оперативни										
	функционални										
6. Дел — Комунална дејност	лични										
	оперативни										
	функционални										
	Вкупно:										
Вкупно од 1 до 6 дел	лични										
	оперативни										
	функционални										
	Вкупно:										
7. Дел — Нестопански инвестиции											
8. Дел — Дотации за:	— стопанство										
	— фондот за школство										
	— другите фондови										
	— самостојните установи и општествените организации										
	— буџетите на околиите и општините										
	— друго										
	Вкупно:										
9. Дел — Обврски по заемите и гаранциите											
10. Дел — Обврски по буџетот и буџетска резерва	— за инвестиции										
	— за обврски од поранешните години										
	— за лични расходи										
	— друго										
	Вкупно:										
Вкупно од 1 до 10 дел	лични										
	оперативни										
	функционални										
	други										
	Вкупно:										
Дотации за други буџети											
Расходи по одбивање на дотациите за другите буџети											

СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА ————— **Образец II**

(формат 420 × 198 mm)

ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД ЗА ПРЕДВИДЕНИТЕ И ОСТВАРЕНИТЕ ПРИХОДИ НА БУЏЕТИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

— во илјади динари —

Општествено-политичка заедница	Вкупни приходи што му припаѓаат на буџетот на општествено-политичката заедница		Распределба на остварените приходи									
			Во корист на посебната буџетска резерва	За буџетска потрошувачка	За фондовите					На посебна сметка според чл. 60 ЗОБ	За органите што работат по доход	За финансиската програма
					За фондот за школство	За резервниот фонд	За фондовите што ги основала општествено-политичката заедница	За другите општествени фондови	Вкупно за фондовите			
	Предвидено	Остварено										
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13
I. Вкупни приходи на општините:												
а) заеднички												
б) посебни												
в) судски такси												
г) на државните органи и други												
д) пренесени средства: (вишок на приходите и 10% посебна резерва)												
ѓ) дотации												
Вкупно (а+б+в+г+д++ѓ)												
II. Вкупни приходи на околиите:												
а) заеднички												
б) судски такси												
в) на државните органи и други												
г) пренесени средства: (вишок на приходите и 10% резерва)												
д) дотации												
Вкупно (а+б+в+г+д)												
Дотации за другите буџети												
Вкупни прих. на околиите[1])												
III. Вкупни приходи на општините и околиите (I+II)												
а) заеднички												
б) посебни												
в) судски такси												
г) на државните органи и други												
д) пренесени средства: (вишок на приходите и 10% резерва)												
ѓ) дотации												
Вкупно (а+б+в+г+д++ѓ)												
Минус дотациите за другите буџети												
Вкупни приходи на општините и околиите[1])												
IV. Приходи на републиката:												
а) заеднички												
б) судски такси												
в) на државните органи и други												
г) пренесени средства: (вишок на приходите и 10% резерва)												
д) дотации												
Вкупно (а+б+в+г+д)												
Минус дотациите за другите буџети												
Вкупни приходи на републиката[1])												

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13
V. Вкупни приходи на општините, околиите и републиката (III+IV)												
а) заеднички												
б) посебни												
в) судски такси												
г) на државните органи и други												
д) пренесени средства: (вишок на приходите и 10% резерва)												
ѓ) дотации												
Вкупно (а+б+в+г+д++ѓ)												
Минус дотациите за другите буџети												
Вкупни приходи на општините, околиите и републиката[1])												

[1]) По одбивање на дотациите што им се даваат на другите буџети.

СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА _____

Образец III
(формат 420 × 198 mm)

ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД НА ИЗВРШУВАЊЕТО НА ФИНАНСИСКИТЕ ПЛАНОВИ НА СРЕДСТВАТА ЗА ЗАЕДНИЧКИ ПОТРЕБИ НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ ШТО РАБОТАТ ПО ПРИНЦИПОТ НА ДОХОД

— во илјади динари —

Класификација на приходите односно расходите	Општини		Околии		Вкупно општините и околиите		Република		Вкупно: општините, околиите и републиката	
	Предвидено	Остварено односно потрошено	Предвидено	Остварено односно потрошено	Предвидено	Остварено односно потрошено	Предвидено	Остварено односно потрошено	Предвидено	Остварено односно потрошено
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11
Приходи:										
Пренесени средства од претходната година										
Состојба на издвоените средства кај банката на 31 XII 1963 година										
Разлика во приходите според дефинитивната пресметка										
Вкупно приходите:										
Расходи:										
За одржување на згради										
За набавка на нова опрема										
За унапредување и модернизација на службата										
За други расходи										
За резерва										
Вкупно расходите:										
Непотрошени средства, од тоа пренесено:										
Во корист на буџетот на општествено-политичката заедница										
Во финансискиот план за наредната година										

СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА ————————

Образец IV
(формат 420 × 198 mm)

ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД НА ИЗВРШУВАЊЕТО НА ФИНАНСИСКИТЕ ПЛАНОВИ НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ ШТО РАБОТАТ ПО ПРИНЦИПОТ НА ДОХОД

— во илјади динари —

Класификација на приходите и расходите	Општини		Околии		Вкупно општините и околиите		Република		Вкупно: општините, околиите и републиката	
	Предвидено	Остварено односно извршено	Предвидено	Остварено односно извршено	Предвидено	Остварено односно извршено	Предвидено	Остварено односно извршено	Предвидено	Остварено односно извршено
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11
Приходи:										
Пренесени средства од претходната година										
Состојба на издвоените средства на сметката кај банката на 31 XII 1963 година										
Разлика во приходите според дефинитивната пресметка										
Вкупно приходите:										
Расходи:										
1. Лични расходи: лични доходи (нето) придонеси на личните доходи										
Вкупно личните расходи										
2. Материјални расходи: лични примања што ги товарат материјалните расходи										
придонеси на личните примања што ги товарат материјалните расходи										
други материјални расходи										
Вкупно материјалните расходи										
3. Издвојувања во сопствените фондови										
Вкупни расходи (1+2+3)										
Вишок на остварените приходи над извршените расходи										
Распоред на остварениот вишок на приходите:										
За лични доходи										
За фондот на заедничката потрошувачка										
За резервниот фонд										
За другите фондови										
За пренос во финансискиот план за наредната година										
Вкупно:										

Остварените приходи и извршените расходи на фондовите, се искажуваат по следните ставки:

Приходи

Пренесени приходи по завршната сметка за 1962 година

Остварени приходи во 1963 година ————

Вкупно приходите:

Расходи

Лични доходи, со придонесите

Материјални расходи ————

Вкупно расходите:

Непотрошени средства со состојбата на 31. декември 1963 година ————

Како непотрошени средства се подразбираат слободните средства на фондовите со состојбата на 31 декември 1963 година.

Извештајот за работењето треба да содржи основни податоци потребни за оценување во која мера државниот орган ги извршил работите и задачите предвидени со планот за 1963 година и дали примената на новиот систем довела до поефикасно, поорганизирано и поекономично работење. Основни податоци за оценување на постигнатите резултати се: спроведена внатрешна организација, успо-

СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА ————————

Образец V
(формат 420 × 198 mm)

ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБАТА НА ФОНДОВИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ ШТО РАБОТАТ ПО ПРИНЦИПОТ НА ДОХОД

— во илјади динари —

Класификација на приходите и расходите	Општини	Околии	Вкупно општините и околиите	Република	Вкупно општините, околиите и републиката
1	2	3	4	5	6
Фонд на заедничката потрошувачка					
Приходи:					
пренесени приходи според завршната сметка за 1962 година					
остварени приходи во 1963 година					
Вкупно приходите					
Расходи:					
лични доходи со придонесите					
материјални расходи					
Вкупно расходите					
Непотрошени средства на 31 XII 1963 година					
Резервен фонд					
Приходи:					
пренесени приходи според завршната сметка за 1962 година					
остварени приходи во 1963 година					
Вкупно приходите					
Расходи:					
лични доходи со придонесите					
материјални расходи					
Вкупно расходите					
Непотрошени средства на 31 XII 1963 година					
И така натаму да се внесат другите фондови, и на крајот според наведената класификација да се даде рекапитулација на приходите и расходите на сите фондови					

рување на порастот на бројот на нови службеници, заштеди на материјалните трошоци и слично.

Во извештајот органот ќе објасни врз основа на кои мерила го распоредил остварениот финансиски резултат на лични доходи и фондови, а во смисла на точката 13 од упатството. При тоа, посебно треба да се документира соодветното пренесување на средствата од постигнатиот финансиски резултат по завршната сметка за 1962 година во финансискиот план за 1963 година, како и соодветното пренесување на средствата во финансискиот план за 1964 година заради исплата на неизмирените обврски по завршната сметка за извршувањето на финансискиот план за 1963 година.

Завршната сметка за извршувањето на финансискиот план за 1963 година со сите наведени прилози органот од ставот 1 на оваа точка е должен да му ја достави на органот на управата надлежен за работите на буџетот до 29 февруари 1964 година.

III. ПОДНЕСУВАЊЕ НА ЗАВРШНИТЕ СМЕТКИ И ИЗРАБОТКА И ДОСТАВУВАЊЕ НА ЗБИРНИ ПРЕГЛЕДИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕТО НА ЗАВРШНИТЕ СМЕТКИ

18. Органот на управата надлежен за работите на буџетот е должен на советот надлежен за работите на буџетот односно на извршниот совет да му ги достави до 31 март 1964 година следните нацрти на завршните сметки за 1963 година:

1) нацрт на завршната сметка за извршувањето на буџетот на општествено-политичката заедница. Како составен дел на оваа завршна сметка се доставуваат и завршни сметки за извршувањето на претсметките на приходите и расходите на државните органи за дејностите што се финансираат преку посебна сметка;

2) нацрт на завршната сметка за извршувањето на финансискиот план на издвоените средства на посебна сметка за финансирање на заедничките потреби;

3) завршни сметки за извршувањето на финансиските планови на државните органи во кои се врши проверување на можностите за обезбедување средства и за распределба според принципите на доход врз основа на Одлуката за определување на органите во кои ќе се врши проверување на обезбедувањето на средства за работа на државните органи и на внатрешната расподелба на тие средства според принципите на доходот.

За да му се овозможи на советот надлежен за работите на буџетот односно на извршниот свет, како и на претставничкото тело, увид во извршувањето на финансиските планови на сите државни органи во кои се вршело проверување на можностите за обезбедување и распределба на средства по принципот на доход, органот на управата надлежен за работите на буџетот ќе состави, врз основа на доставените завршни сметки за извршувањето на финансискиот план за 1963 година, збирен преглед за извршувањето на финансиските планови на сите државни органи што работат по принципот на доход. Прегледот се составува според класификацијата на приходите и расходите според која е составена и завршната сметка за извршувањето на финансискиот план на секој одделен орган.

Кон овој збирен преглед органот на управата надлежен за работите на буџетот ќе достави и посебен извештај, во кој ќе даде своја оценка за постигнатите резултати во работењето кај сите државни органи што работат по принципот на доход.

СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА _____

Образец VI
(формат 297 × 210 mm)

ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБАТА НА СРЕДСТВАТА НА 6%-НАТА ЗАДОЛЖИТЕЛНА БУЏЕТСКА РЕЗЕРВА

— во илјади динари —

	Општини	Околии	Вкупно општините и околиите	Република	Вкупно: општините, околиите и републиката
1	2	3	4	5	6
I. Средства:					
Состојба на средствата на сметката кај банката на 31 XII 1962 година					
Позајмици што не се вратени до 31 XII 1962 година					
Примени интереси во текот на 1963 година					
Вкупни средства (I)					
II. Користење на средствата:					
Одобрени позајмици во поранешните години што не се вратени до 31 XII 1963 година:					
а) за покривање на текуштите расходи					
б) за измирување на обврските					
Вкупно (а + б)					
Одобрени позајмици во 1963 година што не се вратени до 31 XII 1963 година					
Вкупно користено (II)					
Состојба на слободните средства на 31 XII 1963 година (I минус II)					

СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА _____

Образец VII
(формат 420 × 198 mm)

ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД НА ИСПЛАТЕНИТЕ ЛИЧНИ ДОХОДИ И ДРУГИ РАСХОДИ ШТО ИМААТ КАРАКТЕР НА ЛИЧНИ ПРИМАЊА

— во илјади динари —

Лични доходи и други примања	Нето-примања	Придонес за буџетите од личните доходи		Придонес за социјално осигурување		Вкупно (колони 2+4+6)	Придонес за станбена изградба		Дополнителен придонес за социјално осигурување		Надоместок за повластените во сообраќајот		Вкупно (колони 7+9+11+13)
		Норми	Износ	Норми	Износ		Норми	Износ	Норми	Износ	Норми	Износ	
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14
А. Лични доходи:													
од редовен работен однос													
од привремен работен однос													
од дополнителен работен однос													
Вкупно А													
Б. Расходи што имаат карактер на лични примања:													
теренски додатоци													
надоместок за одвоен живот													
Вкупно Б													
Вкупно (А+Б)													

СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА _____

Образец VIII
(формат 420 × 198 mm)

ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД НА НЕИЗМИРЕНИТЕ ОБВРСКИ

— во илјади динари —

Видови обврски	Општини			Околии			Општини и околии			Република			Вкупни обврски		
	Вкупно (колона 3+4)	Создадени обврски во:		Вкупно (колона 6+7)	Создадени обврски во:		Вкупно (колона 9+10)	Создадени обврски во:		Вкупно (колона 12+13)	Создадени обврски во:		Вкупно (колона 15+16)	создадени во 1963 година	во поранешните години
		1963 година	поранешните години		1963 година	поранешните години		1963 година	поранешните години		1963 година	поранешните години			
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16
1. Обврски спрема здравствените установи:															
за болнички и други трошоци за лекување															
за здравствена превентива и друго															
Вкупно 1															
2. Обврски за инвестициони расходи:															
изработка на проекти, испитување терени, градежни работи и други инвестиции															
опрема															
набавка на автомобили															
Вкупно 2															
3. Обврски спрема банките и фондовите за неплатени ануитети															
4. Обврски по стасаните кредити и позајмици:															
спрема банката															
спрема средствата од 6%-ната буџетска резерва и резервниот фонд															
друго															
Вкупно 4															
5. Обврски по гаранциите:															
за стопанство															
за самостојни установи и општествени организации															
Вкупно 5															
6. Обврски за разни материјални расходи															
7. Обврски за лични расходи															
Вкупно неизмирени обврски															

Кон нацртите на завршните сметки органот на управата надлежен за работите на буџетот ќе му ги достави на советот надлежен за работите на буџетот односно на извршниот совет и сите прилози што нему му се доставени кон завршната сметка, а што се предвидени во точ. 14, 15, 16 и 17 на ова упатство.

Органот на управата надлежен за работите на буџетот, врз основа на членот 168 став 2 од Законот за буџетите и финансирањето на самостојните установи, е должен во рок од 10 дена од денот кога советот надлежен за работите на буџетот односно извршниот совет ги утврдил предлозите на завршните сметки, утврдените предлози на завршните сметки со соодветните прилози да ѝ ги достави на Службата на општественото книговодство на постапка според членот 46 од Законот за општественото книговодство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 39/62).

И завршната сметка за извршувањето на буџетот што ја донесол претставничкиот орган ѝ се доставува, врз основа на членот 169 од Законот за буџетите и финансирањето на самостојните установи, на Службата на општественото книговодство.

19. Службата на општественото книговодство ќе состави во смисла на членот 6 од Законот за општественото книговодство, а врз основа на податоците од предлозите на завршните сметки утврдени од страна на советот надлежен за работите на буџетот односно извршниот совет, збирни прегледи за извршувањето на завршните сметки за 1963 година, и тоа:

1) збирен преглед за одобрените и извршените расходи на буџетите на општествено-политичките заедници — на образецот I;

2) збирен преглед за предвидените и остварените приходи на буџетите на општествено-политичките заедници — на образецот II;

3) збирен преглед на извршувањето на финансиските планови на средствата за заедничките потреби на државните органи што работат по принципот на доход — на образецот III;

4) збирен преглед на извршувањето на финансиските планови на државните органи што работат по принципот на доход — на образецот IV;

5) збирен преглед на состојбата на фондовите на државните органи што работат по принципот на доход — на образецот V;

6) збирен преглед на состојбата на средствата на 6%-ната задолжителна буџетска резерва — на образецот VI;

7) збирен преглед на исплатените лични доходи и други расходи што имаат карактер на лични примања — на образецот VII;

8) збирен преглед на неизмирените обврски — на образецот VIII.

Обрасците наведени во ставот 1 на оваа точка се отпечатени кон ова упатство и се негов составен дел.

20. За да би можела Службата на општественото книговодство, во смисла на точката 19 на ова упатство, на единствен начин да ги обработи податоците од завршните сметки, органите на управата надлежни за работите на буџетот се должни кон секоја завршна сметка што ѝ ја доставуваат на Службата на општественото книговодство да приложат и соодветни прилози.

21. Збирните обрасци од точката 19 на ова упатство Службата на општественото книговодство ќе ги пополни на следниот начин:

1) по околии:

а) збирно секој образец за сите општини на подрачјето на една околија;

б) поединечно секој образец за самата околија;

2) сите обрасци за републиката;

3) збирна рекапитулација на податоците по секој образец, и тоа:

а) за сите општини на територијата на републиката;

б) за сите околии на територијата на републиката;

в) вкупно за општини, околии и републиката.

Збирните прегледи од ставот 1 на оваа точка Службата на општественото книговодство ќе ги обработи до 30 јуни 1964 година.

22. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 5-18516/1
10 декември 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
Киро Глигоров, с. р.

